**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА**

**МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**

# „ОД СТАБИЛНОСТ КОН ФЛУИДНОСТ: СОВРЕМЕНИ СОЦИОЛОШКИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ‘НОРМАЛНОСТА’ ВО ОПШТЕСТВАТА ОД 21 ВЕК“

Септември 10-12, Скопје

## ПОВИК ЗА АПСТРАКТИ

Почитувани колеги,

Институтот за социологија на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, оваа година гордо ја прославува својата 50 годишнина. Со цел да го одбележиме овој важен датум, ве каниме да учествувате на меѓународната научна конференција посветена на овој јубилеј. Конференцијата ќе се одржи в Скопје од 10 до 12 септември 2025 година.

Идејата за преиспитување на „нормалноста“ во 21 век ја предизвикува социолошката традиција на проучување на општествените структури во нивната стабилна состојба. Што можеме да кажеме денес за стабилноста на нормите, вредностите, законите и моралот? Општата цел на конференцијата е преосмислување на концептот на „нормалност“ во современи услови — дали тоа претставува состојба на стабилност или динамичен процес на континуирано прилагодување што го олеснува интегрирањето на единките во заедниците

Насловот на конференцијата е инспириран од употребата на идеи како „флуидно општество“, „течна модерност“, „повеќекратни нормалности“ и други кои во социолошките анализи се користат за конципирање на новите и сè пофлексибилни и краткотрајни форми на општественост. Новите идеи и новите процеси го отвораат прашањето за редефинирање на „нормалноста“ во современите општества. Во социологијата и другите општествени науки, ваквите анализи ја нагласуваат променливата природа на ставовите кон работата, бракот, семејството, пријателствата, урбаните и руралните појави и економските односи - особено во нивните сиви и црни зони, како што е корупцијата. Тоа ги менува и институционалните рамки карактеристични за модерните, фиксирани норми и принципи

Во такви околности, единките развиваат посебна рационалност, која ги поттикнува да дејствуваат врз основа на нивните приоритети, кои често се менуваат во зависност од контекстот. Наместо да се придржуваат до однапред дефинирани правила, тие прифаќаат флексибилни идентитети, овозможувајќи им побрзо и поефикасно да се прилагодат на брзите и непредвидливи општествени промени. Ова го нагласува динамичниот процес на постојано преобликување на индивидуалниот и колективниот идентитет како одговор на сложените општествени предизвици.

**Прашања и насоки за дискусија:**

- Што го движи светот со толкава брзина? Каква улога играат дигиталните технологии во овој процес? Дали тие се само алатки што го олеснуваат секојдневието и го поттикнуваат развојот, или веќе се трансформираат во „независни варијабли“ со опипливо влијание врз општествените структури? Каква е новата реалност што ја создаваат дигиталните технологии и социјалните мрежи? Кои се клучните карактеристики на виртуелните заедници? Што значи да се биде „дигитална личност?“ Како е да се биде човек во ерата на вештачката интелигенција? Ова се фундаментални прашања кои ја предизвикуваат современата социологија
- Дали образованието е подготвено да ги подготви единките за динамиката на „флуидното општество“, каде што општествените односи се сѐ поподвижни и променливи? Кои се главните агенси на социјализацијата во современиот свет, покрај образованието, како семејството, медиумите, и дигиталните платформи?
- Клучен предизвик е концептот „социјална конкуренција “, кој го обликува современиот модел на општествени односи што сѐ почесто наликуваат на „договори на определено време“ — секој истовремено е и клиент и понудувач. Но, каква рационалност произлегува од оваа динамика? Кој е новиот тип на рационалност што го диктира однесувањето и меѓусебните интеракции во ваквото општество?
- Во контекст на политичките промени, особено внимание привлекуваат новата политичка култура, политичкото лидерство, изборните процеси и граѓанскиот активизам. Меѓутоа, клучното прашање е – што се случува со демократијата во 21 век?
- Економската нерамноправност и сиромаштијата создаваат нови форми на социјална неправда и економска несигурност - ризици што дополнително се засилуваат во услови на климатски промени, кои поттикнуваат масовни миграциски движења и ја продлабочуваат глобалната нерамнотежа. Миграцијата на младите е многу значајна, и особено критична за македонскиот контекст, бидејќи претставува социјално но и потенцијално политичко. Оваа миграција најчесто е одраз на пошироки општествени и економски предизвици кои имаат импликации врз демографијата, пазарот на труд и политичкиот пејзаж на земјата.
- Индикаторите за социјалните структури откриваат нови расцепи — јазот меѓу богатите и сиромашните постојано се продлабочува. Средната класа, некогаш столб на економската стабилност, исто така е под удар, сѐ повеќе осиромашена и маргинализирана во економскиот систем.
- Неолиберализмот во 21 век носи импликации кои ги надминуваат границите на економијата и значително влијаат врз културата, правото, политиката и образованието. Промовиран како концепт за слободен пазар и минимална државна интервенција, неолиберализмот денес создава сложени цивилизациски предизвици, вклучувајќи ја зголемената економска нееднаквост и доминација на корпоративни интереси.

**Поднесување на апстракт:** Поднесоците треба да бидат на англиски јазик и да вклучуваат наслов, клучни зборови (максимум четири), апстракт (до 300 зборови), име на автор(и), институционална припадност и ел-адреса.

Секој автор може да поднесе еден труд како прв автор или како коавтор (најмногу двајца автори по труд).

Трудовите треба да бидат форматирани според стилот на цитирање APA и со максимум 30.000 знаци, вклучувајќи празни места.

**Работни јазици:** македонски и англиски

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА**

**Важни датуми:**

Поднесување на апсрактот: 5 **мај 2025**
Информација за прифаќање: **30 мај 2025**
Регистрација: **30 јули 2025**

Краен рок за поднесување на финален текст: **30 семптември 2025**

Известувања за прифаќање и рецензија: **15 ноември 2025**

Рецензираните трудови ќе бидат објавени во ***Зборник од коференцијата*** или како специјален број на ***Социолошка ревија/The Sociological Review***.

**Место на одржување на конференцијата:** во просториите на Филозофскиот факултет и Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

**Сместување и патување:** Учесниците се одговорни за нивните трошоци за сместување и патување (не се покриени од организаторите).

**МЕЃУНАРОДЕН ПРОГРАМСКИ ОДБОР**

**Претседател**: **ЃУРОВСКА** Милева, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија.
**БИЈАУИ** Силви, Израелски Академскиот колеџ, Рамат Ган, Израел.
**ВЕЛЦ ФРАНК, УНИВЕРЗИТЕТ ВО ИНСБРУК, АВСТРИЈА**
**ДИМИТРИЕВСКА** Весна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија
**ДИМИТРОВ** Д. Георги, Универзитет. Св. Климент Охридски, Софија, Бугарија
**КОНСТАНТОПУЛУ** Кристијана, Универзитет во Атина, Грција
**ЛУБАШ**, Марчин, Институт за социологија, Јагелонски универзитет, Краков, Полска;
**МАТЕВСКИ** Зоран, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Скопје. Р.С. Македонија
**МИНОСКИ** Константнин, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија
**ПЕТКОВСКА** Антонела, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. С. Македонија
**СТОЈАНОВСКА ИВАНОВА** Татјана**,** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија
**ТРАЈКОВСКИ** Ило, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија
**ФЕФЕРКОРН**, Роланд ,Универзитет во Стразбург, Франција

**Секратер: ГЕГОВСКА** Ивана, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Скопје, Р.С. Македонија.

**ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР:**

**Претседател: ТРАЈКОВСКИ** Ило, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија
**БАКРЕСКИ** Оливер, Декан на Филозофскиот факултет. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија
**ДРАГОВИЌ** Аница, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија
**ДРАКУЛОВСКА** Чукалевска Марија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје , Р.С. Македонија

**Секретар**: **ДИМИТРИЕВ** Емил, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р.С. Македонија

**ел. адреса на конференцијата: 50yearsofnormality@fzf.ukim.edu.mk**